РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-260/2
29-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99 -та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 12-4810/1 од 15.10.2019 година, со наводи против деканот на --------------- факултет при УКИМ Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај е постапено од страна на други надлежни органи, по наводите не се констатирани прекршувања на законските одредби и не се потврдуваат, а за случајот променета е фактичка состојба и просветниот инспектор не е повеќе вработено лице во Државниот просветен инспекторат.

Предметот со број 12-4810/1 од 15.10.2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 15.10.2019 година, доставена е пријава по која е оформен предмет со број 12-4810/1 од 15.10.2019 година, со наводи против деканот на ---------------- факултет при УКИМ Скопје, поради сомневање за незаконско унапредување на асистенти - докторанди во наставно научни звања доценти и/или на асистенти докторанди во научни соработници. Во конкретниот случај станува збор за пријава доставена од поранешен инспектор вработен во Државниот просветен инспекторат, кој при вршење на редовен инспекциски надзор во наведената образовна институција извршен на ден 20.05.2019 година, констатирал законски пропусти и незаконско унапредување на аситенти - докторанди во наставно-научни звања доценти или асистенти - докторанди во научни соработници и се сомнева дека изборите во наставно-научни звања се извршени во период на распишувања на избори за Претседател на Р.С.Македонија и спротивно на член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик (Сл.весник на РМ бр.40/06, ... 35/18 и 99/18).

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од --------------- факултет при УКИМ Скопје да достави податоци и информација, со прилог документација, по однос на пријавените наводи. По барањето добиени се бараните информации, а од увидот во истите констатирано е следново:

- Постапките за унапредување на асистенти-докторанди во научни соработници биле спроведени врз основа на Одлука од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје и објавен Конкурс за избор во сите наставно-научни, научни и соработнички звања. Во истите постапиле рецензентски комисии формирани со решенија на Наставно-научниот совет на --------------- факултет, а кандидатите ги исполнувале општите услови за избор согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. По барање на овој Факултет, Собранието на РСМ има донесено Автентично толкување на членот 166, став 1 од Законот за високо образование (Сл.весник на РМ бр.82/18) .

- За предметниот случај постапил Државниот просветен инспекторат и во наведената образовна институција бил извршен редовен инспекциски надзор на ден 20.05.2019 година, при државниот просветен инспектор констатирал состојби и издал решение од 08.07.2019 година со кое го задолжил деканот да се произнесе и да постапи по истото. Ревидираниот субјект дал свое произнесување и на 15.07.2019 година вложил жалба до второстепен орган против наведеното Решение.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, постапувајќи по жалбата на факултетот изјавена против Решение на државен просветен инспектор од 08.07.2019 година, донела Решение од 13.09.2020 година со кое жалбата се уважува, обжаленото решение се поништува и предметот се враќа на повторна постапка пред првостепениот орган.

- По ова Решение е постапено од страна на Државниот просветен инспекторат и бил извршен вонреден инспекциски надзор кај пријавениот субјекти на 07 и 09.10.2019 година при кој од страна на државниот просветен инспектор не биле најдени пропусти во постапката за избор по предметниот Конкурс.

Државниот просветен инспекторат доставил известување до Инспекциски совет, со кое го известува по однос на нивното барање број ------------- од 26.09.2019 година. (ова значи дека и Инспекциски совет постапувал за овој предметен случај)

- Во однос на наводите за сомневање дека изборите во наставно-научни звања се извршени по донесувањето на Одлуката за распишувања на избори за Претседател на Р.С.Македонија, во изборен период, констатирано е дека изборот не е во спротивност на член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик(Сл.весник на РМбр.40/06, ... 35/18 и 99/18), бидејќи станува збор за лица кои имаат засновано редовен работен однос на --------------------------- факултет во Скопје, а не се нови вработувања.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека:

- за наводите по однос на пријавените дејствија кои се однесуваат на неправилности во изборен процес кој е завршен, не се констатирани прекршување на законските одредби и наводите не се потврдуваат;
- по однос на наводите за сомневање за незаконитоти при избор во наставно-научни звања на ------------------ факултет во Скопје, постапено е од страна на други органи кои се надлежни да постапуваат од областа и не се констатирани прекршување на законските одредби;
- државниот просветен инспектор, како поранешен активен инспектор и подоносител на предметната пријава, имал простор да делува во време кога се случувале пријавените дејствија и да го искористи правото на инспекторот при вршење на инспекциски надзор, предвидено во член 79 од Законот за инспексциски надзор (Службен весник на РМ бр.109/2019) и до надлежен орган да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка против субјектот на инспекциски надзор.

Со оглед на погоре наведеното, а имајќи предвид дека за случајот е променета фактичка состојба и просветниот инспектор не е повеќе вработено лице во Државниот просветен инспекторат, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Г.Т.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска**